## Картичка со предупредувања за пациентот

RIVAROXABAN PPN Rx 10mg ☐
RIVAROXABAN PPN Rx 15 mg ☐
RIVAROXABAN PPN Rx 20mg ☐

- **Имајте ја оваа картичка со себе во секој момент**
- **Покажете ја оваа картичка на својот лекар или стоматолог, пред лекувањето**

**Јас сум на антикоагулантна терапија со лекот RIVAROXABAN PPN Rx (ривароксабан)**

Име и презиме:

Адреса:

Датум на раѓање:

Телесна тежина:

Други лекови/состојби:

**При итна состојба, Ве молам информирајте**:

Име и презиме на лекарот:

Број на телефон на лекарот:

Факсимил на лекарот:

**Ве молам, исто така информирајте:**

Име и презиме:

Број на телефон:

Сродство:

**Информација за лекарите:**
Вредностите на INR не би смеело да се користат затоа што не се сигурна мерка за антикоагулантната активност на лекот Rivaroxaban PPN Rx.

**Што треба да знам за лекот RIVAROXABAN PPN Rx?**

- RIVAROXABAN PPN Rx ја разредува крвта и така Ве штити од создавање на опасно згрутчување на крвта
- RIVAROXABAN PPN Rx треба да го земате точно според упатствата на лекарот. За да се обезбеди оптимална заштита од згрутчување на крвта, **никогаш немојте да ја пропуштите дозата од лекот.**
- Не смеете да прекинете со земање на RIVAROXABAN PPN Rx без претходна консултација со лекарот, затоа што може да се зголеми ризикот од создавање на тромб.
- Информирајте го Вашиот лекар доколку користите било кои други лекови или ако неодамна сте ги користеле или имате намера да почнете да ги користите, пред да почнете да земате RIVAROXABAN PPN Rx.
- Информирајте го лекарот дека земате RIVAROXABAN PPN Rx пред било каква операција или инвазивна постапка.

**Кога треба да побарам совет од лекар?**

При користење на антикоагулантни лекови како што **е RIVAROXABAN PPN Rx, важно е да се биде свесен за појава на несакани ефекти. Крварењето е најчест несакан ефект. Не започнувајте со терапија со RIVAROXABAN PPN Rx без претходен договор со лекарот, доколку знаете дека сте изложени** на зголемен ризик од крварење. Веднаш известете го Вашиот лекар доколку имате некои од знаците и симптомите на крварење, како што се:

- болка
- отоци или непријатност
- главоболка, вртоглавица или слабост
- невообичаено создавање на модрици, крварење од нос, крварење од непца, рани на кои им треба подолго време да престанат да крварат
- пообилно од вообичаеното менструално крварење или вагинално крварење
- крв во урина која може да биде розева или кафена, црвен или црн измет
- искашлување на крв или повраќање крв или содржина која наликува на талог од црно кафе

**Како да употребувате RIVAROXABAN PPN Rx?**

- За да се обезбеди оптимална заштита, RIVAROXABAN PPN Rx:
  - 10 mg може да се зема со храна или без неа
  - 15 mg мора да се зема со храна
  - 20 mg мора да се зема со храна

**Пријавување на несакани реакции**

Доколку забележите било какви несакани реакции треба да го известите Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра. Ова ги вклучува и сите можни несакани реакции кои не се наведени во упатството за употреба на лекот. Несаканите реакции од лекот можете да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/
Дополнително, секој сомнеж за несакани реакции од лекот може да го пријавите и до носителот на одобрението за ставање на лекот во промет: ППН ФЗ ДОО - Претставништво во Република Северна Македонија кај Ќирил Начков одговорно лице за фармаковигиланца на е-пошта: kire@pharmapartners.net и тел: 071/268676.

Март ,2026

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE СКОПЈЕ SHKUP